<table>
<tr><th colspan="6">Предметна програма од втор циклус студии</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4">Меѓународна трговија</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4">МЕ101/2023</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Меѓународна економија – едногодишна програма</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Економски институт, Скопје,<br>УКИМ</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет циклус)</td><td colspan="4">Втор циклус</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година/семестар</td><td>2023/2024 (прв семестар)</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС</td><td>10</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">проф. д-р Силвана Мојсовска<br>проф. д-р Искра Станчева Гигов</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4">Завршен прв циклус студии (240 кредити)</td></tr>
<tr><td>10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма (компетенции):<br><br>Студентите во рамките на овој предмет ќе се стекнат со фундаментални познавања за меѓународниот трговски систем, преку осознавање на институционалната поставеност на системот, факторите и трговските политики кои ја детерминираат позицијата на националните економии во меѓународните трговски текови, како и современите трендови на меѓународната трговија. Посебно внимание ќе се посвети на отпорноста во однос на кризи предизвикани од надворешни фактори во рамките на производствените процеси, глобалните синџири на набавки и додадена вредност, како и влијанието на специфичните фактори врз отвореноста на меѓународната трговија. Притоа, сите предвидени наставни содржини ќе се анализираат од перспектива на Република Северна Македонија.<br><br>Оспособен за (компетенции):<br>- Студентите ќе се здобијат со знаења за теориите на меѓународната трговија, трговските режими и инструментите што се користат во трговските политики;<br>- Преку проучување на институционализацијата на меѓународниот трговски систем, студентите ќе се оспособат за анализа и дискусија на статусот на националните економии во институционализираниот меѓународен трговски систем, посебно од аспект на правата и обврските што произлегуваат од членството во ГАТТ/СТО.<br>- Студентите ќе се оспособат за аналитичко-критички пристап во поглед на трговската либерализација и трговскиот протекционизам преку проучување на трговските рунди на преговори и користењето на мерки на трговска заштита во рамките на ГАТТ и СТО, како и нивното влијание врз обемот, структурата и географската насоченост на меѓународните трговски текови.<br>- Студентите ќе ги осознаат формите на регионалните трговски интеграции, динамиката на нивниот развој, како и ефектите од трговските интеграции врз условите на размена во рамките на самата интеграција и надвор од неа (врз другите економии).<br>- Преку проучување на трговската политика и карактеристиките на надворешната трговија на Република Северна Македонија, студентите ќе се здобијат со конкретни познавања на оваа проблематика во пракса, а воедно, ќе се оспособат за аналитичко-критички пристап при следење, разбирање и коментирање на тековните случувања во оваа област.</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11.** | **Содржина на предметната програма:**<br>1. Теории на меѓународната трговија<br>2. Методи и форми за настап на странските пазари<br>3. Видови на трговски политики<br>4. Инструменти на трговската политика<br>5. Институционализација на меѓународната трговија – Светска трговска организација (СТО)<br>6. Трговските рунди на преговори во рамките на ГАТТ и СТО<br>7. Регионални трговски интеграции<br>8. Трендови на меѓународната трговија<br>9. Отпорност кон кризи во меѓународната трговија<br>10. Трговската политика на Република Северна Македонија<br>11. Трендови на меѓународната трговија на Република Северна Македонија | | | |
| **12.** | **Методи на учење:**<br>Предавања и интерактивна настава поддржана со компјутерски и видео презентации, надополнети со дискусии, изработка на групни или индивидуални семинарски работи и нивна јавна презентација и одбрана. Предвидени се и предавања на истакнати предавачи од пракса и консултации со студентите. | | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | | 15 недели<br>10 ЕКТС х 30 часови = 300 часови<br>Неделен фонд на часови (2+2) | |
| **14.** | **Распределба на расположливо време** | | 12 недели + 3 недели консултации<br>30+30+240=300 часови | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | **15.1.** | Предавања-теоретска настава | 30 часови |
| | | **15.2.** | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 30 часови |
| **16.** | **Други форми на активности** | **16.1.** | Семинарска работа | 60 часови |
| | | **16.2.** | Самостојни задачи | 80 часови |
| | | **16.3.** | Домашно учење | 100 часови |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1.** | | Тестови | 60 бодови |
| | **17.2.** | | Семинарска работа/проект<br>(презентација: писмена и усна) | 30 бодови |
| | **17.3.** | | Активност и учество | 10 бодови |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови/оценка)** | | до 61 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | од 61 до 68 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 93 до100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | *Редовност на настава и вежби, проектна задача* | | |

| | | |
|---|---|---|
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | *Македонски јазик* |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | *Механизми на интерна евалуација* |
| **22.** | **ЛИТЕРАТУРА** | |

**22.1.** Задолжителна литература

| Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Јагер, Хенк и Јепма, Катринус | Вовед во меѓународна економија | Арс Ламина | 2015 |
| 2. | Krugman P, Obstfelt M, Melitz M. | International Trade – Theory and Policy | Pearson | 2018 |
| 3. | Okunato J.K | International Trade and Finance | Balboa Press | 2019 |

**22.2.** Дополнителна литература

| Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | World Trade Organization | World Trade Reports 2017-2021 | WTO | 2021 |
| 2. | Andrew Vonnegut | Inside the Global Economy: A Practical Guide | Rowman & Littlefield | 2018 |
| 3. | UNCTAD | Impact of the Pandemic Covid-19 on Trade and Development | UNCTAD | 2020 |